# III. Надворешно-трговски и девизни движења во Република Македонија

## Основни индикатори за надворешно-трговските и девизните движења

| | месец | Износ (милиони УСД) | Месечни промени во % | I-V.2003 (милиони УСД) | Промени во % |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | во однос на ист период од претходната година |
| **Надворешно-трговска размена** | V.2003 | 327,5 | 6,4 | 1.461,2 | 27,1 |
| **Извоз** | V.2003 | 120,1 | 2,3 | 532,0 | 30,1 |
| **Увоз** | V.2003 | 207,4 | 9,0 | 929,2 | 25,4 |
| **Салдо** | V.2003 | -87,3 | 19,7 | -397,2 | 19,6 |
| | | | | | во однос на крајот од претходната година |
| **Надворешен долг на РМ** | V.2003 | 1.631,2 | 4,3 | - | 7,5 |
| | | | | | во однос на истиот месец од претходната година |
| **Девизен курс на девизен пазар** (денари за единица странска валута) | V.2003 | | | | |
| **МКД / УСД** | | 51,92 | -7,0 | | -20,1 |
| **МКД / ЕВРО** | | 61,38 | 0,3 | | 0,7 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Народна банка на Република Македонија.

## 3.1. Надворешно-трговска размена[7]

***Стоковната размена со странство во мај 2003 година бележи пораст на месечно ниво, при зголемување на извозот...***

Надворешно-трговската размена на Република Македонија со странство во мај 2003 година забележа зголемување на месечна основа од 6,4% и изнесуваше 327,5 милиони САД долари. Порастот е детерминиран од динамизирањето на извозот и увозот за 2,3% и 9,0%, соодветно, при што извозот достигна месечно ниво од 120,1 милион САД долари, а увозот 207,4 милиони САД долари. Месечниот пораст на извозот се должи на порастот на сите позначајни извозни производи класифицирани во категориите облека и текстил (за 4,8%), челезо и челик (6,1%), тутун (24,0%) и пијалоци (30,9%). Структурно анализирано, во мај 2003 година највисоко учеството во извозот на Република Македонија имаат облеката и текстилот со учество од 27,2% и железото и челикот со 21,5%. Месечното зголемување на увозот се должи главно на повисокиот увоз на текстил за доработка (месечен пораст од 42,0%), кој претставува 13,6% од вкупниот увоз овој месец. Дефицитот на трговскиот биланс изнесуваше 87,3 милиони САД долари и на месечна основа забележа продлабочување за 19,7%.

***...и поинтензивен пораст на увозот на стоки***

На годишно споредбено ниво (мај 2003 / мај 2002 година) вкупната стоковна размена на Република Македонија со странство бележи пораст од 46,5%, при пораст на извозот и увозот од 56,5% и 41,3%, соодветно. Дефицитот во размената забележа пораст од 24,6% на годишна основа.

Графикон 20
Извоз, увоз и салдо на надворешно-трговската размена
(во милиони САД долари)




***Во првите пет месеци од 2003 година стоковната размена забележа пораст од 27,1%.***

Надворешно-трговската размена на Република Македонија во периодот јануари-мај 2003 година забележа кумулативен пораст од 27,1%, достигнувајќи 1.461,1 милион САД долари. Притоа, регистриран е подинамичен пораст на извозната компонента од 30,1%, при пораст на увозот од 25,4% (извозот и увозот во анализираниот период достигнаа вредност од 532,0 милиона САД долари и 929,2 милиона САД долари, соодветно). Од аспект на структурата на извозот, во периодот јануари-мај 2003 година во однос на истиот период од претходната година, пласманот на железо и челик е зголемен за 76,1%. Тоа се должи на подобрените перформанси на домашната челична индустрија, како и на започнатите процеси на интеграционо поврзување на земјите од Југоисточна Европа на ниво на оваа индустрија. Во таа насока е и зголемениот извоз кон Србија и Црна Гора, каде се пласира голем

[7] Претходни податоци на Државниот завод за статистика на Република Македонија. Извозот на стоки е прикажан на ф.о.б. основа, додека увозот на стоки е прикажан на ц.и.ф. основа.

дел од производите на домашната челична индустрија, пред сé топло-валани лимови. Од друга страна, текстилната индустрија бележи зголемена извозна активност споредено со истиот период од минатата година (пораст од 36,0%), што во услови на намалено текстилно производство се должи на зголемена ангажираност околу доработките за странските партнери. Во структурата на увозот во анализираниот период, доминантно учество од 16,0% имаат минералните горива и мазива, заради високиот увоз реализиран пред воените дејства на САД врз Ирак. Увозот на железото и челикот за доработка, како и текстил за доработка бележат кумулативен пораст од 66,1% и 35,4%, соодветно, аналогно на евидентираната повисока извозна активност. Покриеноста на увозот со извоз во периодот јануари-мај 2003 година изнесува 57,3%, што претставува подобрување од 2,1 процентен поен споредено со истиот период од претходната година.

***Европската Унија - доминантна групација на земји во стоковната размена на Република Македонија***

Во периодот јануари-мај 2003 година во стоковната размена на Република Македонија доминантна групација е Европската Унија (ЕУ) каде беа пласирани 56,0% од вкупно извезените стоки, додека 45,2% од вкупно увезените стоки во Република Македонија потекнуваат од оваа интеграција. Во набљудуваниот период, извозот кон ЕУ е зголемен за 35,0%, а увозот за 32,1%, при што покриеноста на увозот со извоз со ЕУ изнесува 70,8%. Во поглед на републиките од поранешна СФРЈ, пораст бележат и двете компоненти на размената, односно извозот и увозот за 15,5% и 20,6%, соодветно. Кон земјите од Централна и Источна Европа, пласманот на стоки бележи пораст од 20,9%, додека од овој регион обемот на увезени стоки е поголем за 20,2%.

Графикон 21
Стоковна размена на Република Македонија според групации на земји, I-V.2003 година




Во првите пет месеци од 2003 година, од аспект на поодделни земји, во структурата на надворешно-трговската размена на Република Македонија трите најзначајни трговски партнери: Германија, Грција и Србија и Црна Гора учествуваат со 43,9% во вкупно остварената размена. Кумулативниот дефицит остварен во размената со овие земји претставува 20,4% од вкупниот кумулиран трговски дефицит остварен во вкупната размена на Република Македонија со странство.